Христо АНДОНОВ — ПОЛЈАНСКИ

# КОН БРИТАНСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ВОЕНИТЕ АСПЕКТИ НА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ претставува преломен чин во поновата историја на Македонија и на македонскиот народ. Во неговата севкупна богата историја воениот фактор заземал видно место. Оттука предизвика и внимание кај истражувачите од воената наука. Пред сè, се појде од потребата да се испитаат изворите од автентичната провениенција, предимно дипломатската, за да се определи веродостојно и мошне релевантно толкување за воените аспекти на ова крупно востание. Во тој склоп, најсуштествената страна се паѓа на стратегијата и тактиката на востанието, како појдовен елемент во неговата воена историја.

Појдувајќи од забележителниот интерес на британските империјалистички кругови да ја запознаат самостојно Македонија нејзиното национално-ослободително движење и посебно сестрано да навлезат во особеностите на Илинденското востание, не интересираше вниманието на британските воени фактори кои него. За таа цел, по пат на истражувачка работа, успеавме делумно да проникнеме во изворниот материјал од британско потекло, што претставува третман на разработка во оваа наша тема. Сепак, тоа интересно прашање е стриктно поврзано со целокупната проблематика од историјата на воените аспекти на Илинденското востание.

## 1.

ИАКО сè уште целосно не е напишана воената историја на Илинденското востание направени се обиди да се расветлат одделни карактеристични аспекти. Најнапред, вниманието било свртено кон дипломатските и воените извештаи по потекло од заинтересираните империјалистички и други држави, кои се стремеле да проникнат и во оваа страна на востанието. Оттука, било значајно да се испита дали постојат изворни материјали, што потекнуваат од воените аташеа при амбасадите на овие

држави Кај Високата порта, кои биле задолжени, согласно на определените службени задолженија и задачи, да го следат секое движење во Империјата на Султаните и да подготвуваат веродостојни извештаи. Освен тоа, воената страна се следела и од дипломатските претставници (амбасадорите, генералните конзули, конзулите, вицеконзулите и другите службеници), но, не со таква верзираност и на такво ниво како воените аташеа. Аква развиена активност имале скоро сите воени аташеа при амбасадите на Големите сили и на другите држави во Цариград. Меѓутоа, само делумно се објавени тие извештаи и тоа како обид за целосен преглед за текот на востанието, или, само оделни карактеристични осврти.

Прв обид во објаснувањето на ваквиов вид извештаи и тоа на францускиот военен аташе при Амбасадата на Франција за 1903 година, дадоа Виолета Герасимова и Љубомир Герасимов. Објавени се извештаите од 11 август до 12 октомври 1903 година, вкупно 8 извештаи. Извештаите ги подготвил Ф. Дипон, военен аташе и истите ги испратил до Второто биро на Главниот штаб на француската армија. Извештаите се однесуваат за воените аспекти на Илинденското востание.[1] Врз основа на овие извори, а и на други податоци, Љ. Герасимов подготви специјален прилог и тоа посебно за ангажирањето на османските воени сили во спротивставувањето на Илинденското востание. Покрај умешната анализа на овие изворни материјали даден е пресек во ангажирањето на османските сили, на нејзините одделни родови, во борбата со македонските востаници и во задушувањето на востанието.[2]

Поодделни материјали за воените аспекти на Илинденското востание наоѓаме во збирките на објавените дипломатски извештаи. Тоа се предимно збирки издавани непосредно по Илинденското востание. Тука вбројуваме: британски,[3] француски,[4] австроунгарски,[5] италијански,[6] руски[7] потоа, обидите по

1. Виолета Герасимова, Љубомир Герасимов, Извештаи за Илинденското востание од воениот аташе на Франција во Цариград. — Македонски Архивист(Скопје) II/2 (1973), 140—174.

2. Љубомир Герасимов, Прилог кон прашањето за турските воени сили ангажирани да се спротивставуваат на Илинденското востание. — Прилози II (1978). Крушево 1979, 517—534.

3. Further Correspondence respecting the Affairs of South-Eastern Europe. — Turkey 1—4 (1904). London 1904. Cf. Христо Андонов-Полјански, Англиските дипломатски извештаи за текот на Илинденското востание во Битолскиот револуционерен округ. — Одбрани дела. Т. 5. Скопје, Мисла 1980, 160—174.

4. Documents Diplomatiques. Affaires de Macédoine. Paris 1903—1905.

5. Diplomatishe Aktenstücke über die Reformaktion in Mazedonien. Wien 1903—1904.

6 Documenti Diplomatici presentati al Parlamento Italiano del Ministro degli Affari Esteri. Macedonia. Roma 1906.

7. Дипломатическая переписка. Реформы в Македонии 1902—1903. С. Петербург 1906.

Првата империјалистичка војна да се публикуваат цели серии на дипломатска документација, од кои се одликуваат со посебно внимание: германските,[8] британските,[9] француските,[10] австриските,[11] српските,[12] и други.

Врз основа на овие изворни материјали, а и на други податоци,[13] беа направени обиди студиозно да се разработат одделни прашања од воените аспекти на Илинденското востание. На тоа му претходеа прилозите за предусловите во развојот на востанието, со акцент на османските и македонските вооружени сили. Од таков карактер се прилозите на: Христо Андонов-Полјански,[14] Манол Пандевски,[15] Глигор Тодоровски,[16] Петар Пепелјуговски, [17] Тошо Атанасовски,[18] и други.[19]

---

8 Die Grosse Politik der Europäistchen Kabinette 1871—1914. 18. Band. Berlin 1924.

9. British Documents on the Origin of the War 1898—1914. Vol. V. The Near East. The Macedonian Problem and Annexation of Bosnia, 1903—9. London 1928.

10. Documents Diplomatiques Francais ,1871—1914). 2 série (1901—1911). Paris 1929. Cf. Глигор Тодоровски, Француски документи за Илинденското востание. — Прилози за Илинден II (1978). Крушево 1979. 71—91.

11. Документи од Виенската Архива за Македонија од 1879—1903. Редакција — Томо Томоски. Скопје, ИНИ 1955; Извештаи на 1903—1904 година на австриските претставници во Македонија. Редакција — Данчо Зографски. Скопје, ИНИ 1955.

12. В. Ћоровић, Дипломатска преписка Краљевине Србије. Београд 1933; Љ. Лапе, Нови документи за Илинденското востание. — Илинденски зборник 1903—1953. Скопје 1953, 21—150; Истиот, Неколку нови документи за 1903 година. — Годишен зборник (Скопје) 6 (1953), 267—299. Истиот, Извештаи од 1903 година на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија. Скопје, ИНИ 1954; Кл. Џамбазовски, Неколку нови српски дипломатски извори за Илинденското востание. — Македонски архивист II (1973), 129—139.

13. Cf. Македония и Одринско (1893—1903). Мемоар на Вътрешната Организация. S. l. 1904.

14. Х. Андонов—Полјански, Од воената организација на македонското национално-револуционерно движење во предилинденскиот период. — Одбрани дела. Т. 4. Скопје, Мисла 1980, 61—93.

15. М. Пандевски, Вооружувањето на македонските револуционери и востаници во периодот на Илинденското востание (1893—1903). — Гласник на ИНИ (Скопје) 2 (1967), 79—115; Истиот, Безизлезите на османската власт во Македонија спроти Илинденското востание во 1903. — Прилози за Илинден I (1976—1977). Крушево 1978, 7—24.

16. Глигор Тодоровски, Подготовките за Илинденското востание. Скопје „Светлини на минатото" 1968.

17. Петар Пепељуговски, Некои карактеристики во создавањето и развојот на вооружените сили на македонското национално-револуционерно движење во предилинденскиот период. — Прилози II (1978). Крушево 1979, 481—499.

18. Тошо Атанасовски, Воената организација на вооружените сили во рамките на Тајната Македонско-Одринска Организација. — Прилози II (1978). Крушево 1979, 501—515.

19. Cf. Христо Андонов-Полјански, Илинденското востание и меѓународната јавност. Скопје, Мисла 1984 (— Библиографија).

Главен акцент во проучувањето беше даден на стратегијата и тактиката на Илинденското востание. Од овој важен домен внимание предизвика студијата на Михајло Апотлосски,[20] потоа, прилозите на: П. Пепелјуговски[21] и Ристо Дамјановски.[22]

На овој проблем внимание му е обрнато во помала или поголема мера во севкупните истории на Илинденското востание. Најнапред, тоа воопштено го среќаваме кај Христо Силјанов,[23] и кај Ангел Динев.[24] Со повеќе подробности и со обид за целосен пристап наидуваме во „Историјата на македонскиот народ"[25], кај М. Пандевски,[26] и кај Х. Андонов-Полјански.[27]

Во третманот на оваа тема неопходно е да се наведе дека со ова прашање се занимавала и британската воена и друга литература и тоа од времето пред, во време и по илинденското востание. Но, тука вниманието во полнота е свртено кон целосното вооружување и преглед на армиите на Османската империја и на балканските држави,[28] во однесувањето на османската војска и нејзините карактеристики,[29] врз османската контраофанзива на ослободено Крушево,[30] врз востаниците воопшто и нивните дејства[31], врз воената географија и важните стратегиски центри на Македонија,[32] и за други карактерични особености[33]

---

20. Михаило Апостолски, Стратегијата и тактиката на Илинденското востание. — Книга за Илинден. ИНИ 1969, 81—108. (Исто: — Војно дело (Београд) 9—10 (1953; Исто: — Студии и статии. I. Скопје, Наша книга, 75—118).

21. П. Пепељуговски. Востаничките дејствија при ослободувањето и одбраната на Крушево 1903 година. — Тези од рефератите на научниот собир. Илинденското востание во Македонија. Скопје, јуни 1983, 11—14.

22. Ристо Дамјановски. Воено-политичката стратегија и тактика на Илинденското востание. — Тези од рефератите на научниот собир. Илинденското востание во Македонија. Скопје, јуни 1983, 15—17.

23. Христо Силянов. Ослободителните борби на Македония. Т. I. Илинденското въстание. София 1933.

24. Ангел Динев, Илинденската епопея Т. И. София, s.a.

25. Историја на македонскиот народ. Т. II. Скопје 1969.

26. Манол Д. Пандевски, Илинденското востание во Македонија 1903. Скопје, ИНИ 1978.

27. Христо Андонов-Полјански, Илинденско востание. — Одбрани дела. Т. 5. Скопје, Мисла 1980.

28. Cf. Captian Ward, Handbook of the Armies of the Balkan States 1900. Prepared in the Intelligence Division, War Office. London 1900. (Х. Андонов-Полјански, Британска библиографија за Македонија. Скопје 1966).

29. E. Blyth, The Turkish Soldier. — The United Service Magazine (London) XXVIII. n. s. (1903—1904); V. A. Buxton, Soldier and peasant in furthest Turkey. — The Independent Review (London) I (1903—1904).

30. F. Moore, The Palkan Trial. London 1906.

31. R. Won, The Balkans from Within. London 1904.

32. L. W. Lyde and F. A. F. Mockler—Ferryman, A Military Geography of the Balkan Peninsula. London 1905.

33. Cf. Х. Андонов—Полјански, Британска библиографија за Македонија, 222—232.

Со оваа забележлива продукција се придонесе да се проникне и сушноста на воените аспекти на Илинденското востание. Меѓутоа- овој значаен и специфичен проблем сè уште бара натамошни попродлабочени испитувања. Придонес кон тоа претставува и овој прилог, во кој се обидуваме да дадеме образложен пристап кон извештаите на британскиот воен аташе за Илинденското востание.

## 2.

СОГЛАСНО на установената дипломска дејност британските дипломатски претставници во Османската империја, поконкретно од Амбасадата во Цариград, како и генералниот конзул во Солун, а и конзулите и вице-конзулите во другите македонски центри, биле задолжени внимателно да го следат развојот на македонското националноослободително движење и за истото да ја известуваат својата Влада во Лондон. Во оваа заангажиранст посебни задачи имал воениот аташе при Амбасадата. Во 1903 година во британската амбасада оваа должност ја заземал Франсис Ричард Маунсел (Francis Richard Maunsel), кој на оваа должност се наоѓал од 1901 година (па натаму сè до 1905 г.).[34] Неговите извештаи главно биле упатени до Амбасадорот, а потоа до Форин Офис (The Foreign Office), британското Министерство за надворешни работи, а и до Вор Офис (The War Office)), британското Министерство за Војната. Во овие извештаи вниманието е свртено кон развојот на османската воена сила, кон воените и политичките размери во Османската империја и кон националноослободителните движења во нејзините рамки. Во склопот на тоа интерес беше пројавен и кон македонското националноослободително движење, бидејќи неговата појава и развој создаваше нови односи и состојби во Империјата, чиишто заштитници беа империјалистичките држави, кои во неа имаа свои стопански и политички интереси. Меѓу нив значително влијание имаше токму Велика Британија, која во епохата на империјализмот, како превосходна империјалистичка сила, влегуваше во империјалистичката распределба на светот и во спротивставување со другите империјалистички држави. Во овој опсег на настаните британските дипломатски и воени претставници биле должни да ја следат ситуацијата во Османлиската империја, а во тој склоп и на Македонија.

Извештаите на воениот аташе Ф. Р. Маунсел биле грижливо подготвувани. Како главен извор на неговите информации му служеле извештаите од британскиот генерален конзул во Солун, а и извештаите на конзулите, вице-конзулите и на другите

[34]. Cf. The Foreign Office List. London (1903); Die Grosse Politik der Europäischen Kabinette 1871—1914. Band XVIII/I. Berlin 1924, 330.

службеници во Македонија. На второ место стоеле официјалните османски воени извори, кои ги издавале соодветните служби на Портата. Потоа, предвид доаѓале податоците на информаторите, а и сопствените истражувања на аташето и на неговите потчинети службеници. Тој се наоѓал во ранг на потполковник, што имало значење во пореномираното следење на настаните.

Извештаите на воениот аташе Ф. Р. Маунсел за 1903 година можеше да ги разделиме во два дела. Едниот дел се однесува на извештаите за воените аспекти на настаните од пред Илинденското востание. Тие, всушност, се предисторија на илинденските настани. Во нив акцентот е даден на состојбата во османската армија, на воените прилики во Македонија и на предностите на Македонија во военен поглед и на нејзината воена оспособеност. Голем број подробности се однесуваат околу вооружувањето на османската армија, нејзиното екипирање со нови сили преку мобилизирање на редифи и на други видови воени родови.[35] Овие извештаи најзачестени се за времето: април—јули 1903 година. Во нив се изложуваат податоци за префрлување на воени единици во Македонија од другите делови на Империјата. Поврзано со тоа постојано се известува за движење на османската војска низ различни делови на Македонија.[36] Во еден извештај од 6 мај 1903 година се нагласува пристигнувањето на воени единици од Анадолија и се одбележува вкупната оружена сила ангажирана во Македонија на бројка од: 142.000 војници.[37] Во извештаите од 9 јуни и од 6 јули 1903 год. се нагласува постојаната распределба на османските сили[38] и се разгледува воената состојба,[39] како предигра кон предвостаничките настани.

Вториот дел на извештаите на воениот аташе Ф. Р. Маунсел се однесува на Илинденското востание. Тој револуционерен предизвик на македонските поробени маси го предизвикал вниманието на дипломските и воените претставници на Велика Британија во Османската империја. Тоа го гледаме и од извештаите на воениот аташе, кои заслужуваат виден интерес. Меѓутоа, самиот чин на востанието добил поизразити димензии. Тоа ги принудило британските дипломати покрај будното следење на востанието да преземат и извесни иницијативи. Така, британскиот амбасадор во Цариград — Николас О'Конор (Nicholas

35. Public Record Office (скр. PRO). — Foreign Office (скр. FO) 195/2150. Turkey. Embassy at Constantinople. Military Attaché received. 1903.

36. Cf. PRO.-FO 195/2150).

37. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople, May 6th 1903. (PRO.-FO 195/2150).

38. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople, June 9th 1903. (PRO.-FO 195/2150).

39. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople, Jyly 9th 1903. (PRO.-1903. (PRO.-FO 195/2150).

O'Conor), дипломат со кариера и опитност, во еден извештај до својот претпоставен-Маркизот Ленсдаун (the Marquess of Lansdowne) во телеграма од 10 август 1903 година, откако констатира дека „Востанието сега е прилично огромно"[40] бара согласност од својот претпоставен, односно од британската влада, да покрене иницијатива за да се обезбеди присуство на британскиот воен аташе и на другите аташеа при останатите амбасади во Цариград, главно од големите сили, за да можат да ги придружуваат османските воени сили во Македонија во нивните акции против македонски востаници. Поради интересноста на предлогот Маркизот Ленсдаун, истиот ден на 10 август со телеграма, го известуав Н. О'Конор дека британската влада ја одобрува таа иницијатива и го ополномоштува да ги извести за истото амбасадорите на Австро-Унгарија и на Русија, како и Високата Порта. Се прецизира за неумешноста таква дозвола да му се даде само на британскиот воен аташе.[41]. По добивањето на ова одобрување Н.О'Конор ги запознал соодветните свои колеги[41a]. За ова известил во телеграма до Маркизот Ленсдаун на 17 август.[42] Истиов ден испратил повторно телеграма и во неа го соопштил мислењето на австро-унгарскиот амбасадор кој истакнал дека ниту во Цариград, ниту во Виена се сметало за пожелно да се испратат воени аташеа во Македонија. Се наведувало дека, покрај сè, не било можно да се следи движењето на османската војска, која била растурена во широк простор на востаничките упоришта.[43] За истово, во извештај од 19 август, Н. О'Конор го пренесува мислењето на руското амбасадор, кој укажал дека неговата влада се спротивставувала на ваква иницијатива. Се аргументирало со фактот дека аташеата би биле подложни на опасност и дека некој непредвидлив инцидент можел да ја компликува ситуацијата. Повторно се нагласува растуреноста на османските војски низ Востаничкиот терен, што претставувало тешкотија и немало ефект од присуството на воените аташеа.[44]

На таков начин, поради, несогласноста на заинтересираните сили пропаднал овој обид, што бил мошне интересен и важен, за да можат воените аташеа на Силите на самото место

---

40. Во оригиналот стои: „The Insurrection is now so formidable." „(N. O'Conor — The Marquess of Lansdowne. Constantinople, August 10th 1903. (PRO. — FO 195/2150).

41. Foreign Office — N. O'Conor. London, August 19th 1903. (PRO.- FO 78/5272. Turkey. (Diplomatic). 1903.

41a. N. O'Conor — The Marquess of Lansdowne. Constantinople, August 14th 1903. (Further Correspondence. — Turkey No 1 (1904), 237.

42. N. O'Conor — The Marquess of Lansdowne. Constantinople. August 17th 1903. (Further Correspondence. — Turkey No 1 (1904), 237.

43. Ibidem.

44. N. O'Conor — The Marquess of Lansdowne. Constantinople, August 19th 1903. (Further Correspondence. — Turkey No 1 (1904), 293.

во востаничка Македонија поавтентично да го следат востанието, а со тоа и да имаат увид во дејствувањето на османската војска во борбата со востаниците. Секако тоа не било ни интерес на Високата Порта. Следењето на текот на востанието на самото место имало значење за поадекватно разбирање и разоткривање на неговите суштини и размерите на големиот илинденски чин. Тоа, од друга страна, придонесувало воените аташеа да добијат поавтинтична и поилустративна слика за димензиите и особеностите на македонското востание. Но, иако не дошло до исполнување на оваа оригинална иницијатива, произлегува вниманието што било најавено за Илинденското востание, кое потекнало од неговите широки потфати, кои ги потресувале основите во Империјата на Светиот падишах.

И покрај нереализирањето на ваквиов потфат се пристапило и натаму во следењето на Илинденското востание од страна на воените аташеа и тоа по редовниот пат за известувањето на настаните од воено значење, Ваква дејност развил и британскиот военен аташе—Ф. Р. Маунсел.

## 3.

ЗА ВОЕНИТЕ АСПЕКТИ на Илинденското востание британскиот военен аташе Франсис Ричард Маунсел напишал десет извештаи. Тие биле упатени до амбасадорот Николас О'Конор. Тие се напишани во времето од 11 август до 15 декември 1903 година (11. VIII; 18. VIII; 19. VIII; 4. IX; 10. IX; 15. IX; 2. X; 6. XI; 14. XII; 15. XII). Тие опфаќаат вкупно: 75 страници пишувани на рака; со една скица и со една карта; со формат на страниците: 12 x 20; скицата со табелата е: 12 x 20; картата е: 18 x 26. Според нашите познавања извештаите сè уште не се објавени. Позначајните од нив амбасадорот Н. О'Конор ги препратил до Форин Офис во Лондон, додека податоците од останатите ги користел за подготвување на своите извештаи. Секако тие биле препраќани и до Министерството за војната на Велика Британија во Лондон.

Согласно на датирањето на извештаите може да се утврди, а тоа произлегува и од нивната содржина, дека аташето Ф. Р. Маунсел подготвувал вакви прегледи скоро секоја недела, а некои извештаи помалку од тоа, додека последните се петнаесетдневни. Сите извештаи се подготвувани во Цариград, додека последниот од 15 декември 1903 година бил скициран во Македонија за време на патувањето на аташето низ македонските востанички упоришта.

Сите десет извештаи чинат една тематска целина, но, всушност секој поединечно третираат разновидни проблеми, главно

врзани со поводот и последиците на Илинденското востание. Сите се од военен карактер и разгледуваат типична воена проблематика.

Глобално тие ги разгледуваат следниве пунктови: османската вооружена сила и нејзиното ангажирање во Македонија непосредно по избувнувањето на Илинденското востание; движењето на османската вооружена сила и нејзините оперативни акции во македонските востанички упоришта; помошта од страна (на пример: германска) во османската вооружена сила; македонската вооружена востаничка сила и нејзината стратегија и тактика во одбраната на слободната територија и спротиставувањето на османската контраофанзива; дејствувањето на македонските востаници, нивните особености и карактеристики; воените акции околу Крушево; Невеска, Клисура, и Смилево и другите востанички центри, (Солунско, Скопско, Пиринско) како и за други аспекти предивикани од текот и резулатите на Илинденското востание.[45]

Во извештаите е направен обид да се даде еден илустративно-аргументиран преглед на настаните предизвикани од Илинденското востание што имале одраз врз воената политика на Османската империја, на нејзиниот глобален военен план врз нејзините вооружени сили во целост, за менување на соодносите и во преземање на сосема нова стратегија и тактика, кога сега требало да се усогласи со востаничкиот, партизанско-герилски начин на војување, што довело до големо нарушување на појдовните елементи во тогашната поставеност на османската армија. Нов приод во воената анализа претставува односот на аташето да го разбере востаничкото војување, да ги определи неговите специфични карактеристики и особености.

Извештаите се грижливо подготвувани и внимателно скицирани. Тие се читливо напишани и се следат со интерес. Но, во нив провејува британскиот интерес да се проникне во состојбите на работите на османската воена сила, а во исто време и во македонската востаничка карактеристичност. Секако тоа било во интерес и во цел на британската империјална сила, за да се дознае сѐ што било специфично на просторот, кој одамна претставувал домен на сфера на влијание и позиција од внимание за империјалистичката политика.

Споредно со другите слични извештаи, на воените аташеа, засега познатите: француски[46] и делумно автроунгарски,[47] овие извештаи отскокнуваат со својата прецизност во анализата на

[45]. Cf. PRO.- 195/2150.

[46]. В. Герасимова, Љ. Герасимов. Извештаи за Илинденското востание, 140—174.

[47]. Документи од Виенската архива за Македонија..., Скопје 1955; Извештаи од 1903—1904.., Скопје 1955.

настаните и појавите, во обидите, на места за синтетизирање на потфатите, и во нота на извесна објективност, особено, по прашањето на стратегијата и тактиката на македонските востаници.

Земено во целина воените извештаи на аташето Ф. Р. Маунсел се одликуваат со својата сеопфатност, разнородност и разностраност во актуализирање на проблемите и во своевидното акцентирање на воените аспекти на Илинденското востание.

4.

**Во воените извештаи** на британскиот аташе Ф. Р. Маунсел акцентот е даден врз динамиката во развојот и во ангажманот на османската воена сила во Македонија во текот на Илинденското востание. Тоа се прикажува во бројчаниот состав, во составот на командата, во локациите на сместувањето и во плановите на операциите.

Уште со првиот извештај на Ф. Р. Маунсел до Н. О'Конор од 11 август 1903 година се прецизира дека во Битолскиот вилает дејствувале 16 баталјони османска војска под командата на Омер Руждн Паша.[48] За овие баталјони се изнесуваат и правците на нивното доаѓање: четири од Солун, останатите од Скопје и Велес. Последните се концетрирале во Прилеп и во северните делови на Вилаетот.[49] Во извештајот се третира и прашањето за составот на османската команда во Битолскиот вилает. Се наведува податокот дека во придружба на командантот Омер Ружди Паша пристигнал дивизиониот генерал Нас'р Паша (Наз'р, Назир)[50] како шеф на Штабот. Се спомнува дека тој добил специјално полномошно официјално да ги следи операциите и да ги обезбедува движењата на воените единици, а и да ги раководи и најмалите операции, што се предвидувале од воената команда и од Портата.

Со разгорот на македонското востание нови резерви војска пристигнувале во Битолскиот вилает од соседните области. Според Ф. Р. Маунсел тие се вклучиле кон останатите единици.[51] Ова прашање за сè поголемиот ангажман на османските војски во Македонија го засегнал во својот разговор Ф. Р. Маунсел, што го водел со Портиниот министер за војната на 10 август. Во разговорот се алудирало за ангажирањето на се поголемиот

48. Ф. Р. Маунсел го пишува: Eumer Rashdi Pasha. (PRO.-FO 195/2150).

49. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople, 11th August 1903. (PRO.-FO 195/2150).

50. Ф. Р. Маунсел го пишува: Nassir Pasha. (PRO.-FO 195/2150).

51. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople, 11th August 1903. (PRO.-FO 195/2150).

број воени единици. Се дискутирало и за можноста од репресалии над востанатиот народ, што ќе имало несакан одраз во Европа. Министерот за војната одбивал такви „можности", но не било можно да се контролираат недисциплинираните војници[52].

Зголемувањето на османскиот военен потенцијал се следи од страна на Ф. Р. Маунсел со внимание, како што тоа било случај и со другите аташеа, а и останатите дипломатски преставници во Цариград. Така, во извештајот од 19 август Ф. Р. Маунсел ја споменува бројката од 69 баталјони или со 42.000 војници и 24 батерии на артилерија и со други средства.[53] Во истовреме и натаму се соопштува за ново заајкнување на воените единици. Такви зајакнувања се предвидувало да дојдат од Солунскиот вилает.[54] Но, ова зголемување на османската војска барало нови средства. Овој проблем Ф. Р. Маунсел го засегнува во извештајот од 4 септември. Тој смета дека недостатокот на средства и на пари се поставувало секојдневно.[55]

Движењето на османската војска низ Македонија и промените во нејзиниот команден состав претставувале постојано предмет на внимание на Ф. Р. Маунсел. Во извештајот од 10 септември тој ја бележи промената во командата на овие сили. Смената извршена во врховната команда наместо Омер Ружди Паша со Нас'р Паша, извршена на 26 август, тој сега ја споменува. Нас'р Паша, го карактеризира како млад и опитен офицер, кој сега командувал со операциите во Битолскиот вилает.[56] Во истовреме Ф. Р. Маунсел го спомнува создаденото незадоволство во Цариград заради слабиот успех во движењето на војската против востаниците, но тоа постепено се смирило.[57]

Како прилог кон извештајот од 10 септември Ф. Р. Маунсел придружува Табела за состојбата на османската сила во Македонија, титулирана под наслов: „Силата на војските во Македонија—III-ти корпус" (Strenght of TrooPs in Macedonia — IIIrd Coprs). Оваа табела, секако, била направена според официјални извори. Таа ги покажува видовите на војската: низам, редиф, илаве, коњица, артилерија, транспорт и други служби и жандармеријата. За сите овие видови војска даден е бројот на нивните батаљони и тоа; низам—85; редифи—75; илаве—79; коњица—37 ескадрони; артилерија—74 батерии; за транспортот

52. Ibidem.

53. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople, 19th 1903. (PRO.-(PRO.-FO 195/2150).

54. Ibidem.

55. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople, 4th September 1903. (PRO.-FO 195/2150).

56. F. R, Maunsel — N. O'Conor. Constantinople, 10th September 1903. (PRO.-FO 195/2150).

57. Ibidem.


No 45
C

Therapia
19th August 1903

Sir

I have the honour to forward the following summary of military movements during the past week

The principal fighting continues to be centred round Krushevo

On the 13th inst after several assaults ~~the place~~ and a bombardment by 4 batteries of artillery the place was entered by the Turkish troops but the insurgents only drew off to a strongly entrenched position outside the town where fighting still continues. The church and adjoining part

His Excellency
The Right Honble Sir Nicholas O'Conor G.C.B. G.C.M.G. &c &c &c
His Britannic Majesty's Ambassador
Constantinople

Факсимил од првата страница на извештајот на Ф. Р. Маунсел од 19 август 1903 год. (PRO.-FO 195/2150)

и жандармеријата не се дадени податоци. Поврзано со ова е дадена вкупната сила на одделните видови војска и тоа: низам—54.011; редифи—57.825; илаве—43.213; коњица—3.700; артилерија—7.400; транспорт—5.000; жандармерија—22.000. Вкупниот износ изнесува по баталјони: 350; по силата: 193.149. Со ова распределба по силата на лугето дадена е и нивната ефективна и тоа: низам—48.095; редифи—45.687; илаве—36.200; коњица—3.700; артилерија—7.400; транпорт—5.000; жандармерија—22.000. Вкупниот износ изнесува: 168.183. Придружен е и прегледот на неефективните сили и тоа: низам—5.916 или во 10 проценти; редифи—12.138 или со 21 процент; илаве—6.912 или со 16 проценти. Даден е и преглед на коњите и тоа коњица—2.124; артилерија—5.994, при што не е внесен процентот на неефективата.[58]

Оваа табела за состојбата на османската сила во Македонија изложува соодветен преглед по видови на војската во нивната сила и во ефективата. Од неа може да се установи ангажманот на одделни видови војска, од што произлегува вниманието кое Портата го придавала на што поефикасното задушување на македонското востание. Но, од друга страна се забележува разликата во ефективното и неефективното учество на овие видови војска, причинето од загубите во судрувањата, од болестите и од другите причини. Се наведува и големата потреба од коњи за коњицата и за артилеријата. Интересна е и наведената бројка на жандармеријата: 22.000, во која биле вклучени сите видови на нередовни единици.[59]

При споредување на наведениве бројки на османската сила во Македонија со слични такви прегледи од военен и дипломатски карактер, можно е да се констатираат извесни разлики и тоа нарочно во вкупниот износ, којшто некаде е приближен, а некаде различно фигурира. Така, во извештајот на австроунгарскиот военен аташе Баронот Г. Гизл (Baron Gieslingen von Giesl) наведен е бројот на баталјоните да изнесува 239, со 74 батерии и 37 ескадрони.[60] Бројките за батериите и ескадроните се истоветни како во извештајот на Ф. Р. Маунсел. Истиов военен аташе на 20 август приложува поподробен извештај, којшто е приближен на извештајот на Ф. Р. Маунсел. Во вкупниот износ исто така дадена е приближна бројка во ефективата и тоа: 167.300, со 3.700 коњаници и 444 топа.[61] Слична приближна бројка е дадена и во извештаите на францускиот военен аташе Г. Дипон.[62] Исклучок на бројките од вкупниот износ прави „Ме-

[58]. Ibidem. (Enclosure. — Strength of Troops in Macedonia. — IIIrd Corps. Cf. Memorandum respectnig the Military Situation in the Balkan Peninsula. — South-Eastern Confidental. (PRO.-FO 78/5289).

[59]. Ibidem.

[60]. Извештаи од 1903—1904 година, 74.

[61]. Документи од Виенската архива, 156—157.

[62]. Љ. Герасимов, Извештај, 531.

моарот на Внатрешната Организација". Во него вкупниот износ на османската сила изнесува: 350.931, а само во Битолскиот вилает: 292.735.[63]

Како прилог кон Табелата за јачината на османската воена сила во Македонија Ф. Р. Маунсел приложува и карта на Османската империја со преглед на орду областите и главните штабови на орду и на дивизиите (Map of the Turkish Empire. Shewing Ordu Territorial Districts and Head Quarters of Ordus and Divisions). Картата е подготвена според Известителниот оддел на Министерството за војната Intelligence District War Office). Во картата Македонија е одбележана во III-орду и тоа означена со — „Востаници" Insurgents).[64] Исто така, за некои области е забележана бројката на војските по гарнизони, потоа правците во заштитата на границите со војска.[65]

Во извештаите на Ф. Р. Маунсел се третира и прашањето за изведувањето на операциите на османската воена сила во Македонија. Со правецот на операциите во Македонија,[66] како што известува Ф. Р. Маунсел на 2 октомври 1903 година, директно управувала Воената комисија при Портата, која секогаш се наоѓала под постојан надзор на Султанот. Таа се состоела од двајца команданти, кои ги подготвувале сите планови и потоа ги давале на Султанот на разгледување. Тие, всушност и ја планирале и сета акција околу испраќањето на сите засилувања во Македонија. Потоа, тие планирале и екипирале и други работи потребни за војската.[67]

Главниот правец во движењето на војската бил управен во Битолскиот вилает, најголемиот центар на востанието. Сега, во извештајот од 2 октомври, се спомнува ангажирањето на 84 баталјони против востаниците.[68] Се истакнува дека од овие баталјони биле одбрани 32 баталјони и од нив биле формирани две дивизии. Различно се планирало активирањето на овие две дивизии и најпосле било одлучено да се испратат во Демир Хисар. Исти такви изместувања на единиците имало и за другите правци во зависност од потребата за засилување на упориштата загрозени од востаничките акции и тоа во областите на Битола и Костур.[69]

---

63. Македония и Одринско, 83.

64. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople, 15th 1903. (PRO.-FO 195/2150).

65. Ibidem.

66. Во оригиналот стои: „The directions of operations in Macedonia." (F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople, 2nd October 1903. (PRO.-FO 195/2150).

67. Ibidem.

68. Во оригиналот стои: „Of the 84 battalions now employed in dealing with the insurgents in the Monastir Vilayet." (Ibidem).

69. Ibid.

Во извештаите на Ф. Р. Маунсел од 6 ноември 1903 година натаму се изнесуваат податоци за чекори на извесна демобилизација на османските воени сили од видот на илавето, на земската одбрана, со вонредни резервисти. Оваа мерка била презамена главно поради тешкотиите на семејствата, чиишто луѓе служеле во овие единици. Во овие средини се појавило незадоволство заради што била преземена оваа мерка на демобилизација на извесни контингенти. Во овој склоп на демобилизацијата не се размислувало да се распуштат редифите. Се очекувало преку зимата да останат во своите гарнизони. Причината се состоела во „вознемирувачкото движење" на македонските востаници, зашто било потребно натамошно ангажирање на овој вид османска војска.[70]

Секоја промена во османската воена сила во Македонија Ф. Р. Маунсел внимателно ја следи и регистрира. Така, во извештајот од 14 декември 1903 година тој регистрира нови промени во воените единици во Македонија, кои ги нарекува како „македонски Корпус" (the Macedonian Corps)[71] Се истакнува предлогот за реорганизација на распоредот на воените сили во Македонија во осум комплетни дивизии, со одредување на командниот состав.[72] Ова прашање, Ф. Р. Маунсел поподробно го разработува во извештајот од 15 декември, којшто настанал како резултат на неговиот пат низ Македонија. Повторно се нагласува повелништвото на Нас'р Паша, кој останувал и натаму независен командант на војските во Битолскиот вилает.[73]. Меѓутоа, Ф. Р. Маунсел во својот извештај го наведува интересниот факт дека османската команда немала квалификации во востаничкото војување, поспецијално во „комплицираното герилско војување" (complicated guerilla warfare).[74] Оттука, се прифатило концентрирање и растурање на војската во помали единици, кои имале определени задачи за чување на железничките линии, и на останатите стратегиски точки. Тој распоред бил утврден низ цела Македонија и по границите. Слична распределба имало и во „востаничките области" (the insurgent districts) и тоа особено околу Битола и во Струмската долина. Војската престојувала во колиби или во привремено изградени бараки. Но тие биле подложени на ударот на временските прилики. Разместувањето на војската на помали единици имало

70. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople, 6th November 1903. (PRO.-FO 195/2150).

71. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantintinople, 14th December 1903. (PRO. — FO 195/2150).

72. Ibidem.

73. F. R. Maunsel. — N. O'Conor. Constantinople, 15th December 1903. (PRO.-FO 195/2150).

74. Ibidem.

Strength of Troops in Macedonia — III rd Corps -

| Troops | | No of Battalions | Strength Total | Available for Service Effective | Sick & non-effective | Percentage of non-effective | Horses |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| NIZAM | Infantry | 85 | 54,011 | 48,075 | 5716 | 10% | — |
| REDIF | | 75 | 57,825 | 45,687 | 12,138 | 21% | — |
| ILAVE | | 79 | 43,213 | 36,201 | 6712 | 15% | — |
| Cavalry | | squadrons 37 | 3700 | 3700 | — | — | 2124 |
| Artillery | | batteries 74 | 7400 | 7400 | — | — | 5994 |
| Transport & Auxiliary Services | | — | 5000 | 5000 | | | |
| Gendarmerie | | — | 22,000 | 22,000 | | | |
| | | | 193,149 | 168,183 | | | |

Percentage of non-effectives not obtainable for the Cavalry & Artillery -

F. R. Maunsell
Lieut. Col.
[illegible]

2. x

Факсимил од прилогот кон извештајот на Ф. Р. Маунсел од 10 септември 1903 год. ((PRO.-FO 195/2150)

одраз врз нејзината дисциплина, врз нејзиното снабдување, врз удобното сместување, врз неможноста да се спроведе ефективна контрола.[75] Поради сето тоа ефектот на дисциплината опаднал. Во одделните видови војска најлош третман имало кон илавето. Во најдобра состојба се наоѓал низамот.[76]

Војската добила посебни задачи во заштитата на железничките линии и станици. Во востаничкото вооружено дејствување биле предвидени посебни акции врз железниците. Меѓутоа, за да се спасат невините жртви Главниот штаб на востанието на 6 август 1903 година испратило писмо до Дирекцијата на Ориенталната железница, предупредувајќи ја дека се можни атентати на железниците, кое било потребно да се има предвид.[77] Појдувајќи од ова аташето Ф. Р. Маунсел се интересирал за заштитата на железниците во востаничките подрачја. Тој, при тоа, разговарал со компетентните личности од Ориенталната железница околу нејзиното обезбедување и при тоа наведува неколку случаи на атентати (Сорович—Битола и други). Карактеристично е неговото искажување дека службениците на железницата одбивале да работат без заштита од војници и од претходно разгледување на линијата од стручњаци. Не се предвидувало да се одвива нормален сообраќај, бидејќи одделни линии и пунктови се наоѓале под напад на востаниците.[78] Најголеми штети биле направени на важниот мост на Вардар помеѓу Велес и Солун, но бил поправен. Сепак и натаму имало тешкотии со оправката на железничката линија со изнаоѓање на работници за поправка на мостовите и на железничката линија. Ф. Р. Маунсел наведува дека работниците се плашеле од востаничката одмазда.[79]. Впрочем, при крајот на август и во почетокот на септември 1903 година и натаму службениците на Ориенталната железница ја сметале за опасна. Некои работници на железницата и натаму одбивале да ја продолжат работата на железниците. Османлиите на железниците немале свои службеници а се користеле со странците. Тие не поседувале ни

---

75. Ibidem. Во извештајот на Ф. Р. Маунсел од 2 октомври 1903 г. се говори дека во Цариград се произведувало шатори и дрвени колиби. Тие се правеле во делови, потоа се спојувале за да послужат за зимската кампања против востаниците. (F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople, 2nd October 1903. (PRO.-FO 195/2150).

76. Ibidem.

77. Извештаи од 1903—1904 г., 62—63; Further Correspondence. — Turkey No 1 (1904), 298.

78. F. T. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople, 11th August 1903. (PRO.-FO 195/2150).

79. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople, 19th August 1903. (PRO.-FO 195/2150).

некаков железнички баталјон компетентен да се грижи за железницата. Проблеми се појавиле околу обезбедувањето заштитата на железницата.[80]

## 5.

Во воените извештаи на британскиот аташе Ф. Р. Маунсел се обрнува внимание и кон наоружувањето на османската војска. Главниот извор за снабдувањето на османската армија служела Германија. Затоа во извештаите на Ф. Р. Маунсел главен акцент е даден во ангажманот на Германија во снабдувањето на османската војска со наоружување. Овие известувања се најчесто од времето на востанието. Меѓутоа, и пред тоа наоѓаме соопштенија за ориентација на Портата кон Германија за снабдување со оружје. Во еден извештај од 2 март 1903 година се соопштува дека османската влада порачала оружје и муниција од Германија.[81] Во друг извештај од 6 јули истата година се говори за снабдување на османската војска со наоружување од Германија.[82]

Во извештаите на Ф. Р. Маунсел од времето на Илинденското востание почести се известувањата за снабдување на османската армија со германско наоружување. Така, во извештајот од 18 август се говори за заклучен договор помеѓу османската влада и германската фирма Круп (Alfred von Krupp)[83]. Договорот се однесувал за набавка на 32 батерии (192 топа) полски топови со брзо палење, со потребна муниција и резерви. Тоа биле, според моделите на швајцарската артилерија, 75 мм топови, Се наведува и целосната сума за исплатата по рати. Комплетни четири батерии ќе се испорачиле во рок од три месеци, а сите останати во рок од година дена.[84]

Круповите оружја биле присутни во наоружувањето на османската војска. Тоа се потврдува и со наведениов извештај.

---

80. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople, 4th September 1903. (PRO.-FO 195/2150).

81. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople, 2nd March 1903. (PRO.-FO 195/2150).

82. F. R. Maunsel — N.Conor. Constantinople, 6th July 1903. (PRO.-FO 195/2150.

83. Die Grosse Politik der Europäischen Kabinette 1871—1914. 18/I, 295.

84. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople, 18th August 1903. (PRO.-FO 195/2150).

Но, за илустрација може да послужи и извештајот на Н. Кохмански, службеник во рускиот конзулат во Битола од 13 август, кој наведува дека Османлиите“ ... употребувале против црешовите топчиња-најнови Крупови оружја.“[85] Секако, најподробно за наоружувањето на османската армија со Круповото оружје има во германската дипломатска кореспонденција по потекло од амбасадата во Цариград и од конзулатите во Македонија.[86]

Овој проблем за наоружувањето на османската војска постојано бил актуелен и така го среќаваме во извештаите на британскиот военен аташе. Така, во извештајот од 2 октомври тој го засегнува прашањето на бездимниот барут, кој се употребувал во артилеријата. За покупката на овој важен производ се воделе договори, но не бил постигнат никаков резултат. Во ова била ангажирана една келнска Компанија (Köln Company) во Германија и тоа за покупка на огромна количина (77.000 кгр) на бездимен барут.[87]

Видно внимание во извештаите на Ф. Р. Маунсел е одделено на прашањето за ангажманот на фон Гебен (Von Goeben), офицер во германскиот генерален штаб. Дејноста на фон Гебен предизвикала внимание и кај останатите дипломатски претставници во Османската империја. Но, засега се познати сосема фрагментарни податоци. Главниот акцент се дава на неговиот престој во Македонија во време на востанието. Во еден извештај, се укажува дека тој престојувал во Македонија „поради војничко набљудување.“[88] Во друг извештај се говори за неговиот престој во Крушево и дека повеќе стоел на страната на Османлиите отколку на месното население.[89]

Наведениве фрагментарни и воопштени податоци,само делумно ја осветлуваат улогата на Фон Гебен. За доизјаснување на ова прашање извесен прилог дава и Ф. Р. Маунсел. Во извештајот од 15 септември 1903 година приложува — Белешка Memorandum) за дејноста на фон Гебен. Најпрвин се изнесуваат податоци за фон Гебен. Тој бил офицер во германскиот генерален Штаб. Претходно командувал со германскиот контингент

---

85. Д. Хр. Константинов, Предилинденски и илинденски настани одразени во некои дипломатски извештаи на рускиот конзул во Битола. — Илинден 1903. Скопје, ИНИ 1970, 329.

86. PRO. — German Foreign Ministry. Vol. I. — I. A. Turkey. 156. Verhältnisse in Macedonien 1884—1911. Reels 425, 426, 427, 428.

87. F. R. Maunsel — N. O'Conor.. Constantinople, 2nd October 1903. (PRO.-FO 195/2150).

88. Љ. Лапе, Нови документи, 53.

89. Извештаи од 1903—1994 г., 81. Cf. М. Пандевски, Илинденското востание,371.



Memo

Von Goeben the officer of the German General Staff who has been in Macedonia for nearly 6 months, ~~and~~ ostensibly as a German correspondent, says he was allowed to go to several places barred to everyone else, all along the frontier and the possible routes into Bulgaria. He was nearly a month in Monastir where Nasir Pasha kept him fully informed of all the military movements in progress.

At the same time he denies being a sort of assistant or confidential staff officer to Nassir who did however consult him occasionally but Von Goeben had neither the wish nor the authority to assume any sort of official position.

Факсимил од првата страница од Прилогот кон извештајот на Ф. Р. Маунсел од 15 септември 1903 год. (PRO.-FO 195/2150)

во јужно-африканската војна. Во Македонија престојувал близу шест месеци.[90] Тука се претставувал како германски кореспондент. Се говорело дека му било допуштено да патува по неколку места, кое на останатите им било попречувано. Му било, исто така, дозволено да оди по долж на границите, а со можно патување и во Бугарија. Скоро месец дена престојувал во Битола, каде што Нас'р Паша целосно го информирал за сите воени движења што станувале во Вилаетот во време на востанието. Со оглед на слуховите дека тој бил еден вид помошник или поверлив штабен офицер на Нас'р паша, кого што го консултирал понекогаш, Фон Гебен тоа го негирал.[91] Тој исто така не сакал да заземе вид на „официјална позиција." Но, според Ф. Р. Маунсел на него не му било допуштено да ја напушта Битола и во неколку случаи им обрнувал внимание на Османлиите на грешки те, а бил очевидец на две борби со востаниците и на колежот во Ерменско (Арменско). Тој го посетил и Крушево и некои од запалените села околу Смилево.[92]

Ф. Р. Маунсел посебно нагласува дека фон Гебен во два случаја видел две востанички судрувања и рекол дека" востаниците"... се бореле многу добро."[93] Ф. Р. Маунсел натаму соопштува дека фон Гебен се подготвувал да замине за Одринско.[94]

Наведениве податоци околу дејноста на фон Гебен се мошне интересни и фрлаат извесна светлина врз улогата на Германија во илинденските настани. Од друга страна, интересот, на Ф. Р. Маунсел за овој случај влегува во британскиот интерес да се дознае позицијата на Германија во османските и македонските работи, што секако било дел од германско-англиското империјалистичко спротивставување.

## 6.

**Во извештаите** на британскиот военен аташе Ф. Р. Маунсел се обрнува и се нагласува посебно внимание на македонската вооружена востаничка сила. Во овој значаен фонд образложени

---

90. Во оригиналот стои: „Von Goeben the officer of the German General Staff who has been in Macedonia for nearly 6 months." (F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople, 15th September 1903. (PRO. — FO 195/2150).

91. Во оригиналот стои: „At the same time he denies being a sort of assistant or confidential staff officer to Nassir who did however consult him occasionaly..." (Ibidem).

92. Во оригиналот стои: „He was not allowed to leave Manastir but managed on several occasionos to give them the slip and, witnessed two fights and the Armensko massacre, visited Krushevo and some of the burnt villages round Smilevo." (Ibidem).

93. Во оригиналот стои: „He saw the insurgents fighting on two occasions, and says they very well." (Ibidem).

94. Ibidem.

се неколку евидентно вонредни разјаснувања, што се релевантни за историјата на македонското националноослободително движење.

Најнапред би сакале да нагласиме, дека во овие извештаи, а воопшто, во останатата британска дипломатска кореспонденција, е интересен пристапот кон употребата на веродостојната терминологија, пред сè, во именувањето на македонската земја и на македонските предели насекаде е присутно географско-историскиот назив: „Македонија" (Macedonia).[95] За Илинденското востание среќаваме неколку именувања: „Востание" (Insurrection);[96] „Револуција" (Revolution);[67] „Македонско востание" (the Macedonian insurrection);[98] „Востаничко движење во Македонија" (The insurrectionary movement in Macedonia; The insurgent movement);[99] „Револуционерно движење" (The revolutionary movement);[100] за востаниците со: „Востаници" (Insurgents)[101]; „Востаници во Македонија" (The insurgents in Macedonia);[102] „Македонски востаници" (The Macedonian insurgents);[103] „Востанички сили" (The insurgent forces);[104] „Востаничко војување" (The insurgents fighting)[105]; „Востанички области" (The insurgent districts);[106] „Востанички водачи" (The insurgent leanders);[107] „Герилско војува-

95. Cf. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople 11, 18. VII.; 10. IX.; 15. XII. 1903, (PRO.-FO 195/2150). Further Correspondence — Turkey No 1 (1904), 267.

96. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople 11, 19. VIII.; 2. X.; 15. XII. 1903. (PRO.-FO 195/2150).

97. N. O'Conor — Lansdowne. Therapia 11th August 1903. Further Correspondence — Turkey No 1 (1904), 261).

98. W. G. Thesiger — Lansdowne. Belgrade, 20th August 1902; Further Correspondence—Turkey No 1 (1904), 294, 325; N. O'Conor—Lansdowne. Constantinople 4th September 1903; Idem, 25th September 1903 (Further Correspondence. — Turkey No 1, (190) 54).

99. N. O'Conor—Lansdowne. Constantinople, 7th August 1903; Further Correspondence. — Turkey No 1 (1904), 247; F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople, 2nd October 1903. (PRO.-FO 195/2150).

100. McGregor—Graves. Monastir. 6th August 1903. (Further Correspondence. — Turkey No 1 (1904), 261.

101. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople 11, 19. VIII.; 10, 15. IX.; 2. X.: 15. XII. 1903. (PRO.-FO 195/2150).

102. N. O'Conor—Lansdowne Constantinople, 12th August 1903. (Further Correspondence — Turkey No 1 (1904), 267).

103. N. O'Conor—Lansdowne. Constantinople, 3rd September 1903. (Ibidem, 307).

104. McGregor—Graves. Monastir, 2nd August 1903. (Ibidem, 253).

105. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople, 15th September 1903. (PRO. — FO 195/2150).

106. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople. 15th December 1903. (PRO. —FO 195/2150).

107. Ibidem.

ње“ (Guerilla warfare);[108] „Партизанско војување“ (The partisan warfare);[109] „Востаничко знаме“ (The rebel flag););[110] и за слични мошне интересни, автохтони и значајни именувања.

При разјаснувањето и појаснувањето на работите за востаничкото движење и за неговите носители-востаници, британскиот воен аташе Ф. Р. Маунсел е многу внимателен и претпазлив. Се чувствува нотата да навлезе подлабоко и поавтентично во спектарот на нивното дејствување, во целите на нивната револуционерна кауза. Во извештајот од 11 август 1903 година тој на ова прашање му одделува соодветен простор. Најнапред се задржува на дејствувањето на востаничките водачи. Тој наведува дека „востаничките водачи со почнувањето на движењето во Битолскиот вилает дејствувале со знатно умеење, за што покажувале и резултатите“.[111]

Во овој дух британскиот воен аташе се задржува врз партизанското, герилско војување, нарекувајќи го воопшто: „вознемирувачка герила“ (harassing guerilla).[112] Тој подвлекува дека токму од вакводо војување османската војска многу страдала, а Османлиите инсистирале да се назначат способни команданти, за активно дејствување против востаниците.[113] Тој смета дека со овие акции востаниците“ ... извршиле еден најзначаен резултат.“[114]

Во своите извештаи Ф. Р. Маунсел го третира и прашањето за акциите на османската војска против востаниците и востаничкото движење. Тие акции различно се одвивале и различен ефект добивале во Цариград. Се наведува дека османската војска се обидела да го опкружи востаничкиот главен штаб во планината Пелистер, но не успеала, бидејќи востаничките водачи успеале со вештина во операциите да го организираат повлекувањето.[115]

---

108. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople 11. VIII; 15. XII. 1903. (PRO. — FO 195/2150); Cf. PRO. — FO 73/5278. Turkey. (Diplomatic), 1903.

109. R. Graves — N. O'Conor. Salonica, 11th August 1903. (Further Correspondence — Turkey No 1 (1904), 282).

110. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople, 11th August 1903. (PRO. — FO 195/2150).

111. Во оригиналот стои: „The insurrectionary leaders by starting the movement in the Manastir Vilayet only have acted with considerable cleverness as the result shows.“ (Ibidem).

112. Ibidem.

113. Ibid.

114. Во оригиналот стои: ‚The insurgents by their action have certainly accomplished one most important result.' (F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople, 19th August 1903. (PRO. — FO 195/2150).

115. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople. 10th September 1903. (PRO. — FO 195/2150).




Факсимил од картата приложена кон извештајот на Ф. Р. Маунсел од 15 септември 1903 год. (PRO.-FO 195/2150)

За да ја испита настанатата состојба во Македонија по востанието британскиот военен аташе Ф. Р. Маунсел ја посетил македонската востаничка територија и затоа подготвил поопстоен извештај на 15 декември 1903 година. Во него тој ја изразува реалноста на поствостаничка Македонија. Тоі смета дека востаничките сили, самите востаници, не биле уништени, не бил скршен нивниот отпор. Напротив, во текот на зимските месеци тие признавале „примирје", со тоа што тоа можело повторно да се прекине на пролет со обновување на револуционерното движење во 1904 година. Тоа тој го утврдил за време на посетата на востаничките центри. Тој се убедил во нивната цврста решителност да востанат повторно. Аташето Ф. Р. Маунсел ова свое разбирање го добразложува со убедувањето:" Овој народ ја почувствува за неколку кратки недели слободата од ропските средства и тие само со тоа го зајакнаа своето движење, што направи од нив да бараат надеж повеќе."[116]

Прашањето за продолжување на востанието Ф. Р. Маунсел го аргументира и со тврдењето на Хенри Брејлсфорд (Henri Brailsford), раководител на британскиот „Помошен комитет", што беше формиран во Велика Британија непосредно по Илинденското востание за помош на настраданиот македонски народ во време на востанието. Х. Брејлсфорд му рекол дека се сретнал со седум востанички водачи („insurgent leaders or officers".) кои му пренеле дека ќе го обноват командувањето на пролет 1904 година.[117]

Ф. Р. Маунсел соопштува дека во Битола присуствувал на едно сослушување на еден востаник од Мариово (insurgent from Morihovo) што го организирал Нас'р паша. Востаникот се држел храбро, и според Ф. Р. Маунсел, „тој бил мирен и млад човек, мал тип на планинец и никогаш не изневери, не покажа ни најмала трага на страв. . ."[118]

## 7.

**Во извештаите** на британскиот военен аташе Ф. Р. Маунсел среќаваме и интересни податоци за позабележителните македонски востанички центри, каде што Илинденското востание имаше највиден израз.

116. Во оригиналот стои: „These people have tasted what a few brief weeks of liberty from serfdom means, and it has only steadied their eye strengthened their gait and made them wist for more." F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople, 15th December 1903. (PRO. — FO 195/2150).

117. Ibidem.

118. Во оригиналот стои: „He was quite a young men of the small type mountaineers, and never once did he betray the smallest of fear." (Ibidem).

На прв план тоа се податоците за Крушево, центарот на Крушевската република. Уште во својот прв извештај од 11 август Ф. Р. Маунсел говори за Крушево (Krushevo), откако било заземено од страна на востаниците на 2 август. При тоа, изнесува извесни податоци за текот на заземањето од страна востиниците, кои биле на број 1.500. Според Ф. Р. Маунсел востаниците имале знаме (The rebel flag), Тоа било црвено знаме со лав крепнат на задните нозе во центарот. Ова знаме се веело над градот Крушево.[119] Исто така, Ф. Р. Маунсел, служејќи се со податокот од телеграмата на британскиот вице-конзул во Битола Џемс МакГрегор (James McGregor) од 10 август, соопштува дека Крушево било опкружено од 4.000 османски војници, кои со топови започнале да го бомбардираат.[120]

И во натамошните извештаи Ф .Р. Маунсел го следи воеността движење, посебно главната борба во средиштето на Крушево. Во извештајот од 19 август дава неколку податоци околу паѓањето на Крушево на 13 август, потоа, влегувањето на војниците во градот и продолжување на борбите во крушевската околина.[121]

Во извештаите Ф. Р. Маунсел изнесува податоци и за другите македонски востанички упоришта. Низа подробности се изнесени за борбите и ослободувањетона Клисура и Невеска кои имале значајна позиција. Од воена гледна точка ги оценува борбите кај Клисура за поуспешни, отколку кај Невеска. Ја оценува неспособноста на османската војска да ги задржи позициите. Борбата кај Клисура траела 13 часа и дека имало загуби на обете страни. Востаниците успешно дејствувале и при силни атаки успевале да се повлечат во планините. На ист начин тој ги оценува и борбите во Леринско (Чегани) и Костурско. Се задржува на значајната позиција кај Писодере, на патот помеѓу Лерин и Костур.[122] Слична била состојбата и на патот Костур—Кајлари, потоа кај Мокрени[123] и во останатите позиции, што претставувале објект на османсковостанички судрувања.

Ф. Р. Маунсел пројавувал интерес и за османско-востаничките судрувања во останатите предели на Битолскиот ви-

119. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople, 11th August 1903. (PRO. — FO 195/2150).

120. Ibidem.

121. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople, 19th August 1903. (PRO. FO 195/2150).

122. F. R. Maunsel — N. O Conor. Constantinople, 11, 19. VIII; 10. IX. 1903. (PRO. — FO 195/2150).

123. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople, 19th August 1903. (PRO. — FO 195/2150).

124. Ibidem.

лает и за нив изнесува податоци во своите извештаи. При тоа, особено се интересни податоците за Прилепско,[124] Смилево, Охрид и Преспа.[125]

Во извештаите на Ф. Р. Маунсел наоѓаме интересни податоци за текот на востаничкото движење и на Илинденското востание во другите делови на Македонија. Тоа го среќаваме во неговите извештаи од септември и октомври 1903 година. Најнапред се задржува на движењето во источниот дел на Солунскиот вилает, со известување за борбите источно од Гевгелија, Демир Капија, Велес, езерото Аматово и до подвлекување на широкиот простор на Вардарската долина.[126] Исто така, се споменува за движењата во околината на Скопје и во Источна Македонија.[127] Посебно внимание обрнува на движењето во Серскиот революционерен округ За ова движење подробности изнесува во извештајот од 2 октомври 1903 година. Посебно ги регистрира борбите кај Разлог, сметајќи го дека е во „востание" („seems to be in insurrection"). Дава преценка и за борбите кај Кресна.[128]

*

* *

**Воените извештаи** на британскиот аташе Франсис Ричард Маунсел за Илинденското востание претставуваат стојносен материјал за надополнување на неговата воена страна. Но, тие имаат и политичко-историско вонредно значење. Споредени со останатите вакви прегледи и тоа на останатите аташеа на другите империјалистички сили, а исто така, и со автентичните македонски извори, како и со османските, можат да претставуваат ценет прилог и придонес кон изработката на целосната воена историја на Илинденското востание. Критичката анализа на овие извештаи потврдуваат низа забележителни страни од Илинденското востание. Тоа е, од друга страна, мошне афирмативно за Македонија и македонското националноослободително движење,за македонскиот илинденски револуционерен чин.

---

125. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople 10th September 1903. (PRO. — FO 195/2150).

126. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople 15th September 1903. (PRO. — FO 195/2150).

127. Ibidem.

128. F. R. Maunsel — N. O'Conor. Constantinople 2nd October 1903. (PRO. — FO 195/2150).

Hristo Andonov—Poljanski

# BRITISH REPORTS ON THE MILITARY ASPECTS OF THE ILINDEN UPRISING 1903.

(Summary)

The author examines the reports of the British military attache Francis Richard Maunsel on the Ilinden Uprising which he had written from August 11th December 15th 1903.

The reports deal with the military aspects of the Ilinden Uprising and they illuminate the importance of this revolutionary event in the history of Macedonia and in the Macedonian national movement for the liberation from the XX Centary.

In order to determine the validaty of these original courses (as yet unpublished), the author makes a comparative survey of earlier studies of the military aspects of the Uprising, with a detailed critical treatment of the reports, their contens, and the analytical approaches of their major points. Particular emphasis is made on: the Ottoman army and its actions against the Macedonian revolutionary centres; foreign aid given to the Ottoman army eg. Germany; the Macedonian armed revolutionary groups and their strategy and tactics for the defence of the free Macedonian territory and the resistance to the Ottoman counter-ofensive; the activities of the Macedonian revolutionaries, their specific features and characteristicts; the military actions around the Macedonian revolutionary centres (Krushevo, Neveska, Klisura etc); and the other aspects caused by the development and the results of the Ilinden Uprising.

The military reports of the British military attache F. R. Maunsel are significant materials for complementing the military history of the Ilinden Uprising. However, they have a political and historical significance and reaffirm Macedonia and the Macedonian national movement for the liberation from the beginning of the XX Century.